# ЈАВНА УСТАНОВА НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР

НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР

Јавна установа НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР
Република Северна Македонија, Битола
Institucioni Publik PARKU KOMBËTAR PELISTER
Republika e Maqedonisë së Veriut, Manastir

Бр./Nr. 02- 143/1
16.09 2022 год./vit
Битола/Manastir

Врз основа на член 73 и 77 од Законот за јавни набавки (Сл. Весник на РМ бр.24/19), врз основа на Прирачникот за набавки во ЕУ ИПА Програмата за погранична соработка со Грција (IPA Procurement Manual) и врз основа на Договорот за соработка (advenTOUR-CN2-SO1.3-SC041), Директорот на Установата на ден 16.09.2022 година, ја донесе следната:

## ОДЛУКА
### За отпочнување на постапка за јавна набавка

1. Со оваа Одлука во согласност со Законот за јавни набавки, Статутот на ЈУ Национален парк Пелистер-Битола и согласно процедурите во Прирачникот за набавки во ЕУ ИПА Програмата за погранична соработка со Грција (IPA Procurement Manual) за набавка на тендер за градежни работи ''Развој на отворен авантуристички парк во Националниот парк '' се отпочнува постапка за јавна набавка, со референтен број **CN2 – SO1.3 – SC041/ D 3.3.1.**

2. Предмет на јавна набавка е тендер за градежни работи ''Развој на отворен авантуристички парк во Националниот парк Пелистер кој се состои од инсталација на зип линија, виа-ферата (патека за качување по карпа) и авантуристички сет на алатки за сите возрасти.'' за потребите на ЈУ Национален парк Пелистер-Битола.

3. Јавната набавка ќе биде ко-финансирана од Европската Унија и од земјите учеснички на Интерег ИПА Програмата за прекугранична соработка помеѓу Грција и Р. Северна Македонија 2014-2020, во рамките на проектот **Авантура преку границите (advenTOUR).**

4. Набавката ќе се изврши со постапка со Барање за доставување на понуда.

5. Постапката за јавни набавки ќе ја спроведе комисија за јавни набавки по донесувањето на Одлуката за отпочнување на постапка за јавна набавка.

6. Одлуката стапува на сила со денот на нејзиното донесување.

„Виенска" бр.14 Битола, Р.Македонија;
Тел./Фах.:00389 47 233 464 ; 00389 47 233 668; www.park-pelister.com; e-mail: np.pelister@yahoo.com
бр. на жс: 500-000000-514030, депонент Стопанска Банка Битола

# ЈАВНА УСТАНОВА НАЦИОНАЛЕН ПАРК ПЕЛИСТЕР

Имајќи го во предвид претходно изнесеното, а според важечките прописи, донесена е Одлука како во депозитивот.

**Образложение**

ЈУНП Пелистер е партнер во Проектот **Авантура преку границите (advenTOUR)** финансиран од Европската Унија од Програмата за погранична соработка со Грција-Република Северна Македонија.

За реализација на активностите Јавната Установа Национален парк Пелистер објави Повик за прибирање на понуди со референтен број **CN2 – SO1.3 – SC041/ D 3.3.1.** согласно процедурите во Прирачникот за јавни набавки во ЕУ ИПА Програмата за погранична соработка со Грција (IPA Procurement Manual) за набавка на тендер за градежни работи "Развој на отворен авантуристички парк во Националниот парк Пелистер кој се состои од инсталација на зип линија, виа-ферата (патека за качување по карпа) и авантуристички сет на алатки за сите возрасти."

Битола,
16.09.2022 г.

Директор на
ЈУ Национален парк Пелистер
Osman Shukriu